# ЕВРОЕНТУЗИЈАЗМОТ ВО СЛОБОДЕН ПАД

## АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЕВРОМЕТАР ДЕКЕМВРИ 2022

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk

Димитар Николовски

# ЕВРОЕНТУЗИЈАЗМОТ ВО СЛОБОДЕН ПАД

## АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЕВРОМЕТАР ДЕКЕМВРИ 2022

Скопје, 2023

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**Издавач:**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автор:**
Димитар Николовски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**Април, 2023 година.**

*Публикацијата е изработена во рамките на проектот* ***„Подобрување на отчетноста и транспарентноста на полицијата во Република Северна Македонија“****, спроведен од* ***ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии****, а финансиски поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави.*

*Гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш гледиштата на Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави или на нивните партнери.*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.171:316.654(4-672ЕУ:497.7)(047.31)"2022"
316.653:341.171(4-672ЕУ:497.7)(047.31)"2022"

**НИКОЛОВСКИ, Димитар**
Евроентузијазмот во слободен пад [Електронски извор] : анкетно истражување еврометар декември 2022 / Александар Стојановски. - Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://eurothink.mk/2023/04/10/evroentuzijazmot-vo-slo-boden-pad-anketno-istrazuvanje-evrometar-dekemvri-2022/
(Слободен пристап). - Текст во PDF формат, содржи 32 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.04.2023

ISBN 978-608-4923-60-2

а) Процес на пристапување во ЕУ -- Јавно мислење -- Македонија -- 2022 -- Истражувања

**COBISS.MK-ID 60110085**

# СОДРЖИНА


01 РЕЗИМЕ 4

02 МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА 6

03 ВОВЕД 7

04 ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 9

05 ОДНОСИТЕ МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА 12

06 НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА 23

07 ГЛАВНИ НАОДИ 30

# РЕЗИМЕ

ЕВРОТИНК – Центарот за европски стратегии веќе 20 години го следи, го набљудува, го анализира и го поддржува пристапувањето на Македонија кон Европската Унија, и покрај сите пречки и тешкотии. Бидејќи динамиката на ова поле не може да се следи само преку анализа и набљудување на постојните и на официјалните инструменти на политиката за проширување на ЕУ, во 2013 г. решивме да воспоставиме нова компонента во организацијата, која ќе се занимава со истражувања и со анализи на општествената европеизација и демократизација во Македонија. Клучен елемент на оваа нова компонента беше испитувањето на јавното мислење преку редовни годишни истражувања, ЕВРОМЕТАР.

ЕВРОМЕТАР има цел да ги испита перцепциите, ставовите и мислењата на граѓаните за прашања поврзани со европеизацијата, демократизацијата, но и да им постави други актуелни прашања.

Целта на ЕВРОМЕТАР не е да донесува заклучоци, туку да создаде база на податоци што на донесувачите на одлуки, на тинк-тенк организациите и на академската заедница ќе им послужи како основа за создавање политики засновани врз докази, со што, се надеваме, даваме скромен придонес кон надминувањето на недостигот од добри податоци врз кои се темелат добрите политики.

Ова истражување се стреми да понуди увид во состојбите и во процесите на демократизацијата на македонското општество и на евроинтеграциите.

1

Овогодишното истражување се спроведе во рамките на проектот „Подобрување на отчетноста и транспарентноста на полицијата во Република Северна Македонија“, поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите американски држави (National Endowment for Democracy - NED). Преку поддршка на процесот на соработка меѓу полицијата, медиумите и локалните заедници, овој проект има цел да ги поттикне постојните и да развие нови добри практики и ефективни механизми за поголема транспарентност и отчетност на полицијата. Во рамките на проектот се работи и на унапредување на транспарентноста на полициската работа во заедницата преку поттикнување иновативни комуникации со јавноста и подобра соработка со медиумите.

# МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА

Ова испитување на јавното мислење е спроведено од страна на агенцијата Брима од Скопје, по нарачка на Евротинк – Центар за европски стратегии. Истражувањето е спроведено преку компјутерски подржана телефонска анкета (CATI) во периодот од 12 до 27 декември 2022 година од 13 анкетари и двајца супервизори. Национално репрезентативниот примерок се состои од 1006 испитаници, додека маргината на грешка изнесува +/- 3,1 %. Стапката на одѕив изнесува 82 %, што претставува висок одѕив во рамките на повеќето социополитички истражувања.

Користен е повеќестепен стратификуван случаен примерок на популација од 18+ години во Република Северна Македонија. Дизајнот на примерокот е изработен според податоците објавени од Државниот завод за статистика и се базира на податоци од пописот во 2021 година, според следниве варијабли: етничка припадност (Македонци + други националности, од една страна, и етнички Албанци, од друга страна), региони (8 статистички региони во Република Северна Македонија) и населено место (село/град).

Методолошката исправност на анкетата е одговорност на Брима, додека прашалникот беше подготвен од страна на истражувачкиот тим на Евротинк – Центар за европски стратегии, во соработка со тимот на Брима. Во истражувањето се користени и податоци од анкети од 2014 година наваму, кои се спроведени од разни локални агенции по нарачка на Евротинк.

# ВОВЕД

Наведувањето неколку настани во општествено-политичката ситуација во Република Северна Македонија во периодот на спроведување на анкетирањето ќе помогне да се стават во контекст резултатите, т. е. мислењето и ставовите на јавноста за повеќе теми.

Неколку главни случувања што ја карактеризираат 2022 година се:

• на чело на Владата е новиот претседател на СДСМ, Димитар Ковачевски;
• последиците од војната во Украина се чувствуваат во повеќе сфери – економска криза и инфлација, а особено енергетска криза (поскапување на струјата и на горивата), која претставува една од централните теми на медиумите, со акцент на тоа дека актуелната власт слабо се справува со неа;
• за среќа состојбата со КОВИД-пандемијата е релаксирана и нема рестрикции;
• ветото на Бугарија кон РС Македонија за започнување пристапни преговори е актуелно, се јавува „францускиот предлог“ како компромис што Владата го прифаќа како преговарачка рамка. Клучен услов за отворање на поглавјата е внесување на бугарската заедница во Уставот на државата;
• опозицијата – ВМРО-ДПМНЕ и Левица – иницира референдум што би ја поништил прифатената преговарачка рамка од страна на Парламентот и на Владата. Иницијативата не се остварува;
• постојана е медиумската „пресметка“ меѓу партиите на власт и опозицијата, во која најмногу се критикува власта како „неспособна, криминална и корумпирана“, со цел да издејствуваат предвремени парламентарни избори. Критики се насочени и кон владеењето на правото, корупцијата, судството итн.;
• кај коалицискиот партнер ДУИ се јавуваат внатрешни барања (фракцијата „Огнена група“) за смена на одредени партиски челници што се на високи позиции во власта;

• влијание на други настани што се поврзуваат со функционирањето на државните институции, како што се судовите, јавното обвинителство, апелација и судскиот совет – посебно се истакнуваат одлуки за судскиот процес „Таргет – Тврдина“ ;
• во последните неколку месеци актуелни се хибридните интернет-напади – дојавите за поставени експлозиви, со што се создава и паника, чувство на нестабилност и се прави слика за неспособност на институциите (полиција, АНБ) за справување со овие напади;
• севкупно, создадена е атмосфера дека РС Македонија во овој момент е во општествено-политичка и во економска криза, со висок степен на корупција и криминал и нефункционирање на институциите.

Мора да се има предвид дека оваа атмосфера на општествено-политичка и економска криза влијае и се пресликува (“Halo effect”) и на перцепциите и ставовите на граѓаните на други теми и прашања.

Ова истражување може да се смета за една „снимка“ на јавното мислење во овој момент.

# ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Првата тема во истражувањето се состои од збир прашања преку кои се истражуваат општите перцепции и ставови на јавноста за состојбата на демократските процеси во земјата.

Графикон 1:

**Општо земено, дали е Северна Македонија демократска држава?**[1]

За евалуација на ова прашање е користена мерна скала од 1 до 5, каде што 1 = воопшто нема демократија и 5 = целосна демократија.




Општиот увид е дека речиси половина од испитаниците (46 %) се на негативниот крај од спектарот, со став дека во Северна Македонија воопшто нема демократија, наспроти 8 %, кои изјавуваат дека во земјата постои целосна демократија. Проширено, околу 61 % сметаат дека нема демократија, како кумулатив од одговорите со оценки 1 и 2, наспроти 16 %, кои сметаат дека живеат во демократска земја, одредено како кумулатив на одговорите со оценки 4 и 5.

Разложено според демографските карактеристики, ставот дека во земјата нема демократија го делат испитаниците Македонци и оние од други националности, како и повозрасните испитаници (над 55 години). Според партиската преференција, крајно негативниот став преовладува кај поддржувачите на опозициските партии – ВМРО-ДПМНЕ, со 87,3 % (кумулатив од оценките 1 и 2), и Левица, со 75,6 %, кои сметаат дека во земјата нема демократија. Негативниот став, во многу помал процент, преовладува и кај СДСМ, со 37,4 %, кои мислат дека во земјата нема или воопшто нема демократија, а 27,9 % дека има демократија или има целосна демократија. Кај приврзаниците на ДУИ, 58 % се на „позитивниот крај“ на одговорите, а само 20,9 % сметаат дека Македонија е недемократска.

[1]Збирниот процент во некои графикони може да не изнесува 100% поради заокружување на бројките.

Дополнително, незадоволството се зголемува со зголемувањето на возраста на испитаниците.

## Графикон 1.1:

**Општо земено, дали е Северна Македонија демократска држава?**




Споредено во однос на 2021 година, процентот на граѓани што се изјасниле дека во Северна Македонија има демократија (како кумулатив на оценките 4 и 5) е намален за 9 процентни поени (16 % во 2022 наспроти 25 % во 2021). Од друга страна, процентот на граѓани што во оваа анкета се изјасниле дека нема демократија е зголемен за 21 процентен поен (61 % во 2022 наспроти 40 % во 2021).

## Графикон 2:

**Генерално, во каква насока се движат работите во РС Македонија?**
За евалуација на ова прашање користена е скала од 1 до 5, каде што 1 = целосно погрешна насока, а 5 = многу добра насока



Во однос на ставот за општата развојна насока на македонското општество, 72 % од испитаниците се незадоволни од насоката во која се движат работите во земјата (како кумулатив на одговорите со оценки 1 и 2). Само 9 % сметаат дека работите се развиваат во добра насока. Позитивната перцепција во повисок процент ја делат албанските испитаници (19 %) во споредба со македонските (5,7 %), како и поддржувачите на СДСМ (22 %), ДУИ (38,1 %) и БЕСА (23,8 %). Притоа, освен кај приврзаниците на ДУИ, кај сите други партии преовладува негативната перцепција.

Графикон 2.2:

**Смета дека работите се движат во добра насока (оценки 4 и 5) (2014–2022)**




Во однос на 2021 година, доаѓа до значајно намалување, кога процентот на испитаници што искажале позитивна перцепција за насоката на развој на работите изнесувал 19 %. Историските податоци на Еврометар од 2014 година покажуваат генерален намалувачки тренд во однос на ова прашање, со исклучок на благиот пораст од 2,6 % меѓу 2015 и 2017 година.

# ОДНОСИТЕ МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Графикон 3:

**Колку се согласувате со следново тврдење: Генерално, членството на Северна Македонија во ЕУ би било добра работа.**
За евалуација на ова прашање користена е скала од 1 до 5 при што 1= целосно не се согласувам со тврдењето, а 5 = целосно се согласувам со тврдењето.




Дека членството во ЕУ, општо земено, би било добра работа за земјата, се согласуваат 49 % од испитаниците, наспроти 34 %, кои имаат спротивно мислење.

Вака дефиниран позитивен однос кон членството во ЕУ искажуваат:

- помладите испитаници: 61,2 % од испитаниците на возраст 18–34 години; 52,3 % од испитаниците на возраст 34–54 години; 39,6 % од испитаниците на возраст од над 55 години;
- испитаниците Албанци: 83,8 %, наспроти 37,4 % од испитаниците Македонци;
- испитаниците со повисоко образование: 59,6 % од факултетски образованите, наспроти 47,4 % односно 47 % од испитаниците со завршено основно и испитаниците со завршено средно образование.

Процентот на согласност дека „членството на Македонија во ЕУ би било добра работа“ во 2022 претставува остро намалување за 20 процентни поени во однос на 2021 година (49 % наспроти 69 %). Ова претставува убедливо најниско ниво во последниве девет години, откога се спроведува анкетата.

Графикон 3.3:

**Генерално, членството на Северна Македонија во ЕУ би било добра работа (оценки 4 и 5); (2014–2022)**




Начинот на кој испитаниците ја сфаќаат и ја дефинираат Европската Унија е важен индикатор за нивниот однос кон евроинтеграциските процеси. Анкетата покажува дека испитаниците првенствено ја гледаат Унијата како доминантен економски фактор (32 %) и како унија базирана на правила и прописи (22 %). Во помал процент, таа е перципирана и како унија на национални држави (15 %), политичка заедница (14 %) и унија на вредности и норми (8 %).

Графикон 4:

**Што претставува Европската Унија за Вас?**



Во споредба со минатата година, постои видлива конзистентност во одговорите на испитаниците и редоследот на одговорите е непроменет. Поконкретно, во 2021 година 29 % од испитаниците Европската Унија првенствено ја гледале како доминантен економски фактор, што претставува слична пропорција во однос на 2022 (32 %). 24 % во 2021 година ја гледале како унија базирана на правила и прописи, наспроти 22 % во 2022 година. Процентот на испитаниците што ја гледале ЕУ како унија на национални држави е непроменет од 2021 година – 15 %.

Графикон 5:

**Генерално гледано, како би го оцениле односот на ЕУ кон Северна Македонија.**

. За евалуација на ова прашање користена е скала од 1 до 5, каде што 1 = односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки а 5 = односот на ЕУ кон РСМ е фер пријателски и коректен.




Во процената на односот на ЕУ кон Северна Македонија постои јасна дистинкција меѓу одговорите каде што доминира мислењето дека односот на ЕУ е нефер, надмен и уценувачки (65% – кумулатив од оценките 1 и 2), за разлика од оние што сметаат дека односот на ЕУ кон Македонија е фер, пријателски и коректен (17 % – кумулатив од оценките 4 и 5). Овој став е најприсутен кај постарите жители и кај поддржувачите на опозицијата од македонскиот блок.

Поконкретно, негативна оценка (кумулатив 1+2) дале 91,1 % од симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ, 91,3 % од Левица, 56,8 % од СДСМ и 6,4 % од ДУИ. Раслоено според возрасни групи, ваков став имаат 48,4 % од младите испитаници на возраст 18–34 години, 68,1 % од испитаниците на возраст 35–54 години и 72,8 % од испитаниците над 55-годишна возраст. На другиот крај од спектарот, дека односот на ЕУ е фер, пријателски и коректен, преовладуваат одговорите на етничките Албанци, со 52,7 %, наспроти 4 % кај етничките Македонци.

## Графикон 5.1:

**Каков е односот на ЕУ кон Северна Македонија?**

.




Видлив е голем пад на расположението на граѓаните во врска со односот на ЕУ кон Македонија, па така, во 2021 година 48 % (кумулатив од оценките 1 и 2) од испитаниците сметале дека односот на ЕУ кон Македонија е нефер, надмен и уценувачки, а оваа 2022 година тој кумулатив изнесува 65 %, што е за 17 процентни поени повеќе.

## Графикон 6:

**Од следните два исказа, кој од нив е поблизок до вашето мислење:**
1. **Европската Унија е најдобрата алтернатива за Северна Македонија.**
2. **Северна Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ.**

.



Општо земено, 58 % од испитаниците сметаат дека е ЕУ најдобрата алтернатива за Северна Македонија, а 33 % сметаат дека Северна Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ. Анализата покажува дека ставот на јавноста за ова прашање е детерминиран од степенот на едукација и од етничката припадност. Имено, ставот во прилог на ЕУ како примарна алтернатива за развој е најзастапен кај испитаниците со повисок степен на едукација (68,8 %, при 55,1 % со средно образование и 54,1 % со основно или пониско образование) и кај етничките Албанци (80,1 %, при 49,3 % кај етничките Македонци).

## Графикон 6.1:

**Од следните два исказа, кој од нив е поблизок до вашето мислење:**
**1. Европската Унија е најдобрата алтернатива за Македонија.**
**2. Северна Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ.**
**(кростабулација според националност на испитаникот)**



Графикон 6.2:

**ЕУ е најдобра алтернатива или РС Македонија треба да бара сопствен модел за развој надвор од ЕУ? (2014–2022)**




Во споредба со претходната година, може да се забележи дека, како и кај другите прашања, расположението за ЕУ-интеграцијата и секоја друга поврзаност со неа се лади, па така, на истото прашање во 2021 година поддршката за ЕУ била изразена со 63 %, наспроти 58 % оваа година. Ова следува по малиот пораст во 2020 и во 2021 година.

Во продолжение на оваа тема предмет на испитување беше и актуелната можност за промена на Уставот како услов за влегување во следната фаза од преговорите со ЕУ. Испитаниците беа прашани за веројатноста да се случи ова.

Графикон 7:

**Дали сметате дека во текот на следните 12 месеци Северна Македонија ќе го промени Уставот и ќе ги продолжи преговорите?**



Резултатите покажуваат дека постои јасна поделеност во јавноста во врска со ова прашање, каде што 38 % сметаат дека ќе дојде до промена на Уставот со цел Северна Македонија да ги продолжи преговорите, 39 % сметаат дека нема да се промени Уставот, а 21 % од испитаниците изјавиле дека не знаат што ќе се случи.

Постои јасна дистинкција во одговорите по етничка припадност и по политичка преференција, па така, 57,6 % од етничките Албанци сметаат дека Уставот ќе се промени, наспроти 30,8 % од етничките Македонци и 37,3 % од другите националности. Мислење дека Уставот нема да се промени во текот на наредната година за да се продолжат преговорите имаат 47,9 % од Македонците, 44,8 % од припадниците на другите националности и 11,9 % од Албанците. „Не знам" изјавиле 21,1 % од Македонците, 23,3 % од Албанците и 17,9 % од припадниците на другите националности.

Од друга страна, поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (68,4 %) и на Левица (60,8 %) јасно имаат одречен став за ова прашање и сметаат дека Македонија нема да го промени Уставот. Овој одречен став го делат само 34,3 % од поддржувачите на владејачката СДСМ. Наспроти тоа, 51,3 % од поддржувачите на СДСМ сметаат дека Уставот ќе се промени, заедно со 78,7 % од поддржувачите на ДУИ, 39,9 % од Алијанса на Албанците, 47,1 % од БЕСА, 50,7 % од ДПА.

Понатаму, барањето да се прецизира временска рамка за влез на земјата во ЕУ ја потврдува „оладената клима", генерално, кај сите целни групи (според возраст, етничка припадност, итн.). Дури 29 % од граѓаните сметаат дека Северна Македонија никогаш нема да влезе во Европската Унија. 12 % сметаат дека тоа ќе се случи во наредните 5 години, 16 % сметаат дека тоа ќе се случи за 5–9 години,  15 % за 10–14 години, 14 % за 15–25 години и 8 % сметаат дека тоа ќе се случи за повеќе од 26 години.

Графикон 8:

**Според Вас, кога Северна Македонија може да очекува влез во Европската Унија?**



Видливи се јасни промени во ставовите на граѓаните во споредба со резултатите од 2021 година. Оние што сметаат дека Северна Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ во 2021 година бил 17 %, наспроти 29 % оваа година, што е разлика за 12 процентни поени. Очекувањата дека Северна Македонија брзо ќе влезе во ЕУ, во рок од 5 години, во 2021 година изнесувал 32 %, додека оваа година е значително помал и изнесува 12 %, што претставува разлика од високи 20 процентни поени. Овој процент на најоптимистичките граѓани е историски најнизок, мерено од 2014 година.

Графикон 8.1:

**Смета дека Северна Македонија може да очекува влез во Европската Унија во наредните 5 години (2014–2022)**



Генерално, и покрај зголемениот скептицизам, граѓаните на Северна Македонија сакаат земјата да биде дел од Европската Унија: 58 % одговориле дека во моментов би гласале за влез на државата во Европската Унија, 22 % се против, 12 % сè уште не знаат како би гласале, а 7 % не би излегле на гласање.

Главната дистинкција кај испитаниците што се за влез во ЕУ е највидлива кај испитаниците Албанци, 84,9 %, наспроти 47,7 % од етничките Македонци, кои би гласале „да/за". Од припадниците на другите националности, 65,6 % изразиле поддршка за влез во ЕУ. Дистинкција постои и кај оние со повисоко образование, 66,4 %, наспроти 56,3 % од испитаниците со средно образование и 54,5 % од испитаниците со основно или пониско образование.

Графикон 9:

**Доколку во недела се одржи референдум со прашање: „Дали сте за влез на Северна Македонија во Европската Унија?", како би гласале?**

.




Интересно е да се забележи дека кај речиси сите испитаници, без разлика на политичката преференција, мнозинството би гласале одобрувачки, со исклучок само на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, каде што преовладува ставот „против" со 45,5 %, наспроти 31,6 % од нив кои би дале поддршка. Меѓу другите, распореденоста е следна: СДСМ – 77,2 % „за", 8,4 % „против"; ДУИ – 99,1 % „за", 0,9 % „против"; Алијанса на Албанците – 62,2 % „за", 3,2 % „против"; ДПА – 91,7 % „за", 8,3 % „против"; друга партија – 93.7 % „за", 6.3 % „против".

Значителен пад на желбата кај граѓаните за влез на земјата во ЕУ е видлив кога ќе се спореди со минатата година (2021 г.), кога 74 % од испитаниците би гласале „да/за", наспроти 58 % оваа година (2022 г.), што е намалување од високи 16 процентни поени.

Подолу се испитани главните причини за изразената поддршка, односно противење на влезот на Северна Македонија во ЕУ.

## Графикон 9.1:

**Главни причини за поддршка влез во ЕУ (повеќекратни одговори)**

Испитаниците беа замолени да ги наведат главните причини за својот одговор на претходното прашање, при што им беше дадена можност за повеќе спонтани одговори.




Кај испитаниците што одговориле потврдно, во највисок процент беше наведено очекувањето за подобар животен стандард, со 29 %, намалување на невработеноста (т. е. повеќе инвестиции) со 26 %, поголема демократија (во однос на состојбата на судството, слободата на говорот, медиумите, владеењето на правото итн.) со 21 %, полесен пристап до работа во странство со 18 % и поголема сигурност за државата со 16 %.

## Графикон 9.2:

**Главни причини за одбивање на влезот во ЕУ (повеќекратни одговори)**

Испитаниците беа замолени да ги наведат главните причини за својот одговор на претходното прашање, при што им беше дадена можност за повеќе спонтани одговори.



Од друга страна, испитаниците што имаат негативен став за влезот во ЕУ, како главна причина го посочуваат „губењето на националниот идентитет (името, јазикот, итн.)“ со 17 %. Како втора главна причина се истакнува ставот дека „нема да се подобри ништо, а само ќе ни наметнуваат дополнителни услови“ со 10 %. 6 % сметаат дека ќе се влоши животниот стандард (ќе се покачат цените), 6 % сметаат дека ќе има зголемено иселување на младите и 6 % сметаат дека Северна Македонија „не припаѓа во таа унија“.

# НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Следниот сегмент се состои од прашања што се однесуваат на ставовите и мислењата на граѓаните за меѓународната позицијата на Северна Македонија и видот на релациите што ги воспоставува со надворешните субјекти.

Графикон 10:

**Дали меѓународната позиција на Северна Македонија е посилна, послаба или иста во споредба со пред 12 месеци? (2018–2022)**




Општо земено, перцепцијата на испитаниците е дека меѓународната позиција на земјата е ослабена (44 %) или останала иста (40 %) во текот на последните 12 месеци.

Главната поделба во одговорите по овие прашања е меѓу испитаниците со различна етничка припадност. Имено, албанскиот блок испитаници во поголем процент (38,8 %) смета дека позицијата на земјата е посилна од претходната година, за разлика од Македонците и другите националности (5,7 % и 9 %, соодветно). Од македонските испитаници 48,7 % сметаат дека позицијата на земјата е ослабната, а 30,3 % од Албанците. Дека е позицијата непроменета сметаат 42,6 % од Македонците и 28,8 % од Албанците.

Општо земено, перцепцијата на испитаниците е дека меѓународната позиција на земјата е ослабена (44 %) или останала иста (40 %) во текот на последните 12 месеци.

Главната поделба во одговорите по овие прашања е меѓу испитаниците со различна етничка припадност. Имено, албанскиот блок испитаници во поголем процент (38,8 %) смета дека позицијата на земјата е посилна од претходната година, за разлика од Македонците и другите националности (5,7 % и 9 %, соодветно). Од македонските испитаници 48,7 % сметаат дека позицијата на земјата е ослабната, а 30,3 % од Албанците. Дека е позицијата непроменета сметаат 42,6 % од Македонците и 28,8 % од Албанците.

Од поддржувачите на ВМРО-ДМПНЕ 69,4% сметаат дека Северна Македонија е во послаба позиција од претходната година, а 30,6% дека ситуацијата е непроменета. За разлика од нив, поддржувачите на владејачката СДСМ со 46 % сметаат дека е непроменета, 29,3 % сметаат дека е посилна а 24,4 % дека е послаба. Од поддржувачите на ДУИ, 66,3 % сметаат дека е позицијата посилна, 15,6% дека е ослабена, а 18,1% сметаат дека е иста.

Графикон 11:

**Дали верувате дека во наредните 12 месеци меѓународната позиција на државата ќе биде посилна, послаба или, пак, иста како и денес? (2018–2022)**



Кога е во прашање очекувањето за краткорочниот развој на меѓународната позицијата на Северна Македонија, скептичноста на испитаниците се отсликува рамномерно, со тоа што 40 % од нив сметаат дека позицијата на земјата ќе биде послаба или иста во следните 12 месеци, за разлика од само 13 % што сметаат дека позицијата ќе биде посилна.

Распределбата на одговорите е, главно, поделена меѓу симпатизерите на опозицијата и на владејачките партии. Поддржувачите на власта во поголем процент сметаат дека позицијата на Северна Македонија ќе биде посилна по една година: СДСМ со 31,1% и ДУИ со 57,9%. Кај СДСМ, сепак, преовладува мислењето дека ситуацијата ќе остане иста, со 46 % , додека кај ДУИ тој процент е помал и изнесува 22,9%. Кај поддржувачите на ВМРО ДПМНЕ преовладува очекувањето дека меѓународната позиција на земјата ќе ослабе, со 62 %, а дека ќе остане иста сметаат 32,4 %.

Севкупната процена на јавноста е дека меѓународната позиција на земјата во моментот на спроведување на анкетата е послаба во споредба со 12 месеци порано, а повторно е присутна поделеност за ова прашање по партиска основа.

Доразјаснување на овие ставови може да понуди идентификацијата на тоа кои земји и меѓународни организации се перципирани како пријателски и поддржувачки настроени, а кои како непријатели и закана за државата.

## Графикон 12:

**Општо земено, дали верувате дека постои држава или меѓународна организација што претставува закана за Северна Македонија?**



Поделеноста по прашањето за перципираните закани е голема – 42 % од испитаниците сметаат дека постои закана, за разлика од 53 % што не мислат така. На истото прашање претходната година процентот на испитаниците што сметале дека постои закана изнесувал 33 % (пораст од 9 процентни поени), а 63 % сметале дека не постои закана (пораст од 10 процентни поени).

Додатно, испитаниците што одговориле потврдно на претходното прашање се замолени спонтано да именуваат која држава или меѓународна организација сметаат дека претставува закана за Северна Македонија.

Графикон 12.1:

**Ако да, која е таа држава или меѓународна организација што претставува закана за Северна Македонија?**




Нешто повеќе од една четвртина (28 %) сметаат дека во овој момент Бугарија претставува закана за РС Македонија. Второпласирана перципирана закана кај општата група испитаници е Русија (4 %).

Општо земено, нема промена во дистрибуцијата на одговорите на ова прашање во споредба со минатата година, кога, исто така, најголема закана била Бугарија, со 23,1 %, споредено со 28 % оваа година. Перцепцијата на закана од Русија оваа година е зголемена за повеќе од 3 процентни поени (од 0,6 % минатата година на 4 % во 2022 г.).

Кај испитаниците од која било етничка определеност, доминантна перципирана закана во надворешната политика е Бугарија, со 71,5% кај Македонците, 55,6% кај Албанците и 36,2% кај другите националности. Но, тука завршуваат сличностите. Во понатамошната распределба рангирањата многу се разликуваат.

Кај испитаниците Македонци втора по ред држава перципирана како непријател е Албанија, со 4 %, потоа следуваат САД со 3,4%, ЕУ со 3 % и Косово со 2,8%. Интересно е што овде Русија е сместена дури кон дното на листата, на седмото место (кое го дели со Франција), со 1,6 %. За разлика од нив, испитаниците Албанци Русија многу силно ја доживуваат како закана, со 30,7 %, а кај нив понатаму следна е Србија со 9,7 % и Кина со 1,7 %.

Погледнато според партиската определеност, исто така преовладува анимозитетот кон Бугарија. Кај приврзаниците на ВМРО-ДПМНЕ таа се наоѓа на врвот, со 70,7 %, по која следува Косово со 9,3 %, ЕУ со 4,8 %, Грција со 2,5 %, САД и Русија со 2,3 % итн. Кај приврзаниците на СДСМ 80,9 % од испитаниците чувствуваат закана од Бугарија, 3,3 % од САД, 2,4 % од Франција, 1,9% од Косово итн. 7 % од нив сметаат дека Северна Македонија нема непријатели. Кај албанските партии, главно, поделеноста е меѓу Бугарија и Русија.

Графикон 13:

**Според вас, која држава или меѓународна организација е најголем пријател на Северна Македонија?**




Од друга страна, Србија е ситуирана како најголем пријател на Северна Македонија со високи 37 % од одговорите, на второ место е САД со 11,4 %, потоа Турција со 8,5 %, ЕУ со 8,1 % итн. Треба да се наведе и дека 11,6 % од испитаниците сметаат дека Северна Македонија нема пријатели.

Исто како и претходната година, за најголем пријател на земјава испитаниците ја сметаат Србија со 37 % од одговорите, што е за околу 12 процентни поени повисоко од лани (25,3 %). САД ја задржува позицијата како втор најголем пријател на земјава – во 2021 тој процент бил 17,4 %, а оваа година е 11,4%, што бележи мал пад. Понатаму, во 2021 година како трет најголем пријател била идентификувана ЕУ со 9,4 %, а оваа година тоа изнесува 8,1 %, што е доволно за на листата да го заземе четвртото место. Тоа ја става Турција пред неа, иако процентот за Турција како најголем пријател на земјава останува непроменет.

Раслоено според етничката припадност, Македонците во најголем процент како најпријателска кон Северна Македонија ја истакнуваат Србија (48,6 %), 16,1 % сметаат дека Македонија нема пријатели, 7 % ја сметаат Турција за најголем пријател, 6,5 % САД, 2 % ЕУ итн. За етничките Албанци најголеми пријатели на Северна Македонија се ЕУ со 27,5 %, САД со 25,9 %, 12,5 % – Косово, 12 % – Турција итн.

За поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ најголем пријател на земјава е Србија (58,2 %), 10,5 % – Турција и 10,8 % сметаат дека Македонија нема пријатели. За поддржувачите на СДСМ најголем пријател е Србија (41,9 %), 15,5 % од нив сметаат дека е тоа САД, а 6,6 % – ЕУ. 11,3 % сметаат дека Северна Македонија нема пријатели. За поддржувачите на ДУИ најголем пријател на земјава е ЕУ (35,9 %), САД – 28,3 %, 11,3 % дека тоа е Косово.

# ГЛАВНИ НАОДИ

Спроведената анкета покажа дека во однос на перцепцијата за состојбата со фундаменталните општествени вредности, високи 61 % од испитаниците сметаат дека нема демократија. Големото општо незадоволство се отсликува преку мислењето на граѓаните за правецот на државата, каде што 72 % сметаат дека Северна Македонија се движи во погрешна насока.

И покрај зголемената скептичност во врска со влезот на Северна Македонија во Европската Унија, 49 % се согласуваат дека влезот во ЕУ е добра работа за земјава, наспроти 34 % што не мислат така. 29 % од испитаниците мислат дека земјата никогаш нема да влезе во ЕУ, додека во 2021 година овој процент изнесувал 17 %. Сепак, кога би биле соочени со изборот да гласаат на референдум за влез во ЕУ, мнозинството граѓани, т.е. 58% би гласале позитивно. Видливо е дека партиската преференција има многу силно влијание врз формирањето на јавното мислење и перцепцијата за повеќето од општествено-политичките теми.

Зголемена е загриженоста на граѓаните во врска со тоа дали некоја држава или меѓународна организација претставува закана за Северна Македонија: 42 % од испитаниците сметаат дека постои закана, за разлика од 33 % минатата година. Како најголеми закани од листата се истакнуваат Бугарија (27 %) и Русија (4 %).